**ПОВИК ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ И АКЦИИ**

Водич за за апликантите за грант

Буџетска линија: 6.2 Sub granting for projects and actions for practicing activism
Реф.Бр: ИПА/2021/430-647

Funded by the European Union

**Белешка**

Ова е отворен повик за поднесување апликации за предлог-проекти / акции каде што сите документи треба да се поднесат заедно. Во првата фаза ќе се гледа подобноста на подносителите и почитувањето на правилата за апликација на иницијативата. По проверка на подобноста иницијативите ќе бидат оценувани од страна на независна евалуациона комисија.

# СОДРЖИНА

1. Повик за финансиска поддршка за проекти и акции 4
1.1. Основни информации 4
1.2. Приоритетни цели, области и приоритетни прашања 5
1.3. Распределба на финансиски средства 6
2. Правила за овој повик за поднесување пријави за поддршка за локални младински иницијативи 6
2.1. Критериуми за подобност 6
2.1.1. Подобност на апликанти 7
2.1.2. Соработници и изведувачи 7
2.2. Подобни акции 8
2.3. Подобност на трошоците: трошоци што можат да бидат вклучени 9
3. Како да аплицирате и кои процедури треба да ги следите 10
3.1. Обрасци за пријава 10
3.2.Каде и како да ги испратите пријавите 11
3.3. Краен рок за поднесување пријави 11
3.4. Дополнителни информации за пријавите 11
3.5. Оценка и избор на пријавите 12
3.6. Известување за одлуката на договорниот орган 14
3.7. Услови за спроведување по одлука за доделување грант. 14
4.0. Листа на прилози 15

# 1. Повик за финансиска поддршка за проекти и акции

## 1.1. Основни информации

Овој повик за финансиска поддршка на проекти и акции е дел од проектот „Млади - агенти на промената'' кој е финансиран од Европската Унија, а е спроведуван од Центар за Интеркултурен Дијалог - Куманово, Сојуз на извидници на Македонија и Центар за истражувања и анализи - НОВУС - Струмица.

**За проектот:**
„Млади - агенти на промената'' претставува акција која е дизајнирана да поддржи граѓански младински иницијативи преку активизам и волонтерство за подобрување и зајакнување на сеопфатно и директно вклучување на младите на локално ниво. Акцијата има за цел да го зголеми младинскиот активизам преку волонтирање за обезбедување на социјална инклузивност на локалните заедници. Акцијата ќе го поддржи младинското учество во создавање и спроведување на општински младински политики преку волонтерство и разни акциски настани.
Ако земеме дека општините претставуваат најблиското ниво на власт до граѓаните, тогаш можеме да го кажеме истото и за младите, па нивното вклучување ќе помогне во развивање на мерки приспособени за локалните специфичности за подобрување на можностите за загрозените лица, пристап до ресурси, глас и почитување на нивните права.
Општата цел е да придонесе за зголемена инклузивност и зголемување на влијанието на младите за подобрување на условите на младите преку граѓански младински иницијативи, активизам и волонтирање во општините во соработка со локалните чинители.

**За повикот:**
Целта на финансиската поддршка е да ги поддржи локални младински граѓански организации и млади луѓе да придонесат кон подобрување на општествениот статус преку волонтирање и активно вклучување во заедницата.

Очекувани резултати од финансиската поддршка се:

- Зголемена соработка помеѓу локалните младински граѓански организации, млади луѓе, општини и/или институции во најмалку 10 различни општини во 8 региони.
- Вклучени локални младински граѓански организации и млади луѓе во креирањето и спроведувањето на социјалните политики на локално ниво кои работат против причините и последиците од нееднаквоста.
- Младите се опремени да влијаат врз работата на локалните власти директно и преку локалните младински совети.

- Подигната свест за важноста на младинските иницијативи, активизмот и волонтерството во општините.

## 1.2. Приоритетни цели, области и приоритетни прашања

**Приоритетна цел 1: Волонтерството и активизмот на младите како движечка сила за промени во заедницата**
Младите се главни носители на промените во едно општество, нивното учество во процесите, активностите и иницијативите за креирање промени е повеќе од важно. Па така, приоритетната цел на повикот вклучува волонтерсто и активизам на младите. Истата мора да биде доминантна во сите пет области и е **задолжителна** компонентна во сите иницијативи и акции. **Сите акции, иницијативи и активности мора да ги вклучуваат локалните средношколци.**

**Област 1: Животни вештини и вештини на 21 век**
Преку проектот ќе се поддржуваат иновативни активности и работилници кои вклучуваат исклучително млади лица. Целта на активностите треба да биде стекнување адекватни вештини кои ќе ги направи компетентни за пазарот на трудот во 21 век.

**Област 2: Заштита на животната средина**
Проектни активности кои содржат едукативна компонента за заштита на животната средина. Истата може да опфаќа поддршка и предавања од експерти на темата, а самата логистика и подготовка на активноста да остави минимален јаглероден отпечаток и минимален отпад. Покрај наведеното се охрабруваат и авантуристички активности во природа кои се стремат да ја засилат конекцијата на индивидуите со природата.

**Област 3: Самовработување и социјални претпријатија**
Преку проектот ќе се поддржуваат креативни и едукативни активности кои ќе обезбедат знаења и вештини кои на младите ќе им помогнат да станат поконкурентни на пазарот на труд во 21 век. Фокус се става на компетенции кои се потребни за младите да бидат способни за самовработување и можности за создавање на нови младински социјални претпријатија.

**Област 4: Меѓукултурен дијалог**
Иницијативи за инклузивност и развој на меѓукултурен дијалог меѓу младите од различни етнички заедници. Проектот ќе поддржи акции за отворена и почитувана размена на ставови помеѓу поединци и групи кои припаѓаат на различни култури што води до подлабоко разбирање на глобалната перцепција на другиот.

**Област 5: Младинско учество**
Општопознато е дека учеството на младите во промените се од круцијална важност и затоа проектот ќе поддржи и иницијативи од областа на младинското учество, придонесот на младите како агенти на промените и мониторинг за имплементација на политиките за млади.

**Сите акции, иницијативи и активности мора да ги таргетираат младите како директни корисници на овој повик.**

## 1.3. Распределба на финансиски средства

Вкупниот индикативен износ ставен на располагање во рамките на овој проект за поднесување пријави за поддршкана проекти и акции е **60 000 евра**. Договорниот орган го задржува правото да не ги додели сите расположливи средства.

Големина на грантовите
Секоја акција во рамките на овој повик за поднесување пријави за поддршка за предлог - иницијативите мора да се движи меѓу следниве минимални и максимални износи:

- **Минимален износ: 5000 евра**
- **Максимален износ: 8000 евра**

**Проектот мора да биде регистриран во Секретаријатот за европски прашања и да биде ослободен од ДДВ. При изработка на буџетот цените треба да бидат претставени без ДДВ.**

Секој грант побаран според овој повик за предлог проекти и акции мора да биде со максимален процент од **90 % од вкупните прифатливи трошоци на акцијата.**

Салдото (т.е. разликата помеѓу вкупните трошоци на акцијата и износот побаран од договорниот орган) мора да се финансира од други извори освен од општиот буџет на Унијата или од Европскиот фонд за развој.

# 2. Правила за овој повик за поднесување пријави за поддршка за локални младински иницијативи

Овие насоки ги одредуваат правилата за поднесување, избор и спроведување на акциите финансирани во рамките на овој повик, во согласност со практичниот водич кој е применлив за овој повик.

## 2.1. Критериуми за подобност

Постојат три групи на критериуми за подобност, кои се однесуваат на:

**(1) актерите:**

- „Водечкиот апликант“, т.е. субјектот што го поднесува формуларот за апликација,
- доколку ги има, неговите ко-апликанти (каде што не е наведено поинаку, главниот апликант и неговите ко-апликанти во понатамошниот текст заеднички се нарекуваат „апликанти(и)“),
- и, доколку ги има, поврзани субјект(и) на водечкиот апликант и/или на ко-апликант(и).

**(2) акциите:**

Акции за кои може да се додели грант.

**(3) трошоците:**

Видови трошоци што може да се земат предвид при одредувањето на износот на грантот.

### 2.1.1. Подобност на апликанти

За да се квалификува за финансиска поддршка, водечкиот апликант мора:

- Да биде правно лице
- да биде непрофитна и
- да биде невладина организација и
- да биде основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации и
- да биде организација која работи со и/или за млади и
- да биде директно одговорна за подготовката и управувањето со акцијата, а не да дејствува како посредник.

Дополнителни критериуми кои апликантите треба да ги исполнуваат:

- Да биде во редовна комуникација со проектниот тим и да одговара на административните барања во врска со финансиските и наративните извештаи.

### 2.1.2. Соработници и изведувачи

Соработници

Во иницијативата можат да бидат вклучени други организации или поединци. Таквите соработници имаат вистинска улога во иницијативата, но не можат да добијат средства од грантот со исклучок на патни трошоци. Силно се охрабрува соработка со општини, институции, приватниот бизнис сектор и локални младински организации.

Изведувачи

На групите / организациите грантисти им е дозволено да соработуваат со општински и владини институции и поединци кои волонтерски и своеволно би се вклучиле во имплементација на иницијативата. Силно се охрабрува иницијативите да предвидуваат мобилизација на млади за вклучување во имплементација на иницијативата.

## 2.2. Подобни акции

Дефиниција:
Акцијата е составена од збир на активности.

Времетраење
Планирано времетраење на акцијата не може да биде помало од **5 месеци** ниту да надминува **8 месеци.**

Локација
Акциите мора да се случат во Република Северна Македонија.

Видови на акции:

- Акции за поттикнување на средношколците да бидат активни граѓани и да учествуваат во младински организации, политика и други граѓански групи на локално ниво.
- Акции за поттикнување на развојот на вештини и компетенции кај младите преку неформално учење, младински организации и младинска работа. Ова вклучува промовирање на дигитална писменост, интеркултурно учење, стручно образование, критичко размислување, почитување на различностите и вредности како што се солидарност, еднакви можности и човекови права.
- Акции за унапредување на социјалната вклученост за сите млади и нивно учество во активности кои промовираат солидарност.
- Акции за развивање на комуникациски вештини, лидерски вештини, критичко размислување, самодоверба, тимска работа, решавање проблеми, социјални и емоционални вештини на младите.
- Акции кои промовираат рециклирање, градинарство, зачувување на енергија, компостирање, одржлив избор на храна итн. Ова вклучува проекти за чистење на заедницата, еколошки уметнички проекти, прошетки и планинарења по природа, како и едукативни активности.
- Акции кои ги учат младите како да започнат и да управуваат со сопствените бизниси, вклучително и социјалните претпријатија и како да најдат иновативни решенија за социјалните проблеми кои можат да доведат до создавање социјални претпријатија.

- Акции кои промовираат меѓукултурен дијалог вклучувајќи програми за културна размена, програми за размена на јазици, работилници за различности, мултикултурни фестивали, интеркултурни спортски настани, младински кампови, филмски проекции, настани за различна храна, кампањи на социјалните медиуми итн.
- Акции за охрабрување на младите луѓе да водат проекти за општествено корисна работа што може да им помогне да развијат лидерски вештини и чувство за граѓанска одговорност и да се залагаат за прашања за кои се грижат.

**ЗАБЕЛЕШКА: Списокот на видови активности не е исцрпен, туку само илустративни и соодветни активности кои не се споменати погоре, исто така, ќе се земат предвид за поддршка.**

Број на апликации по апликант

Подносителот на барањето не може да поднесе повеќе од една (1) апликација според овој повик за финансиска поддршка.

## 2.3. Подобност на трошоците: трошоци што можат да бидат вклучени

Со грант можат да се покријат само „прифатливи трошоци“. Подолу се наведени категориите на „прифатливи“ и „непрофатливи“ трошоци.

**Прифатливи трошоци**

Следниве трошоци се прифатливи:
- Надомест за акционен тим (максимум 20% од вкупниот акционен буџет; вработените во јавната администрација не се квалификуваат за таков надоместок)
- Трошоци за патување, сместување и превоз
- Трошоци за организација на/или учество на настани (изнајмување, кетеринг, превод, толкување, посебни барања)
- Трошоците за комуникација (телефон, интернет) поврзани со спроведување на активностите во периодот на акција не можат да надминат 15 евра/месец/лице спроведувач на акцијата
- Трошоци за видео продукција и постпродукција
- Трошоци за видливост на акција за дизајн, производство или печатење на видливост, комуникација, промотивни материјали и алатки (на пр., брошури, постери, флаери, банери, папки, пенкала, веб-локација, алатки за социјални медиуми; максимум 10% од вкупната акција буџет);

**<u>Неприфатливи трошоци</u>**

Следниве трошоци се неприфатливи:

- Долгови и надоместоци за сервисирање на долг (камата);
- Резервации за загуби или потенцијални идни обврски.
- Трошоци кои ги пријавил(е) корисникот(ците) а се финансирани од друга акција или работна програма за која е добиен грант од Европската Унија;
- Купување на земјиште или згради;
- Купување на возило;
- Загуби поради курсни разлики;
- Кредит на трети лица;
- Трошоци за плата на персоналот од јавна/национална администрација;
- Цигари, алкохол и/или енергетски пијалоци;

**<u>ЗАБЕЛЕШКА: Списокот на сите видови трошоци не е исцрпен туку само илустративен.</u> Соодветни трошоци кои не се споменати погоре, исто така ќе се земат предвид за поддршка.**

# 3. Како да аплицирате и кои процедури треба да ги следите

## <u>3.1. Обрасци за пријава</u>

Пријавите за грант мора да бидат поднесени во согласност со упатствата и насоките за проектниот концепт и целосна пријава согласно обрасците дадени во прилог на овој документ.

**Подносителите мора да ги достават пријавите на македонски јазик, албански или англиски јазик.**

Секоја грешка или поголемо отстапување поврзано со точките наведени во упатствата за проектниот концепт или која било поголема недоследност во пријавата (на пр. ако износите во работните листови за буџетот се неконзистентни) може да доведе до одбивање на пријавата.

Појаснувања ќе се бараат само кога доставените информации се нејасни и на тој начин ја спречуваат комисијата да спроведе објективна проценка.

Нема да се прифаќаат рачно пополнети пријави.

Имајте предвид дека ќе се оценуваат само пријавата и објавените прилози кои мора да бидат пополнети (образец за аплицирање, образец за буџет, образец за искуство на организацијата). Затоа, од најголема важност е овие документи да ги содржат СИТЕ релевантни информации во врска со акцијата.

## 3.2.Каде и како да ги испратите пријавите

Целосно пополнетите обрасци за аплицирање се доставуваат во електронска форма (преку мејл на youthagentsofchange23@gmail.com во посебна и една единствена датотека т.е. целосната пријава не смее да биде поделена во неколку различни датотеки). Пријавите испратени на кој било друг начин или доставени на други адреси ќе бидат одбиени. Сите потребни документи треба да бидат испратени заедно во еден мејл во спротивно апликацијата може да не биде прифатена заради недостиг на документи.

## 3.3. Краен рок за поднесување пријави

Крајниот рок за поднесување апликации е **30 јуни 2023 година.**

Резултатите ќе бидат објавени на **1 август 2023 година.**

## 3.4. Дополнителни информации за пријавите

Избраните грантисти ќе бидат предмет на градење капацитети (модул за обука и менторство) како хоризонтална мерка за кој било од договорите за грантови доделени како финансиска поддршка на трета страна. Акцијата ќе го поддржи градењето на капацитетите на грантантите во следните главни компоненти:

- Управување со проекти и финансиско управување,
- Развој на капацитети за застапување, како што се: подобрување на вештините за застапување и лобирање, јавен дијалог, односи со медиумите, подигање на свеста, спроведување јавни кампањи итн.
- Развивање на вештини за вмрежување, како на пример како да се води мрежа ефикасно, како да се обезбедуваат услуги на членовите, како да се претставуваат членовите.

Развивањето на компетенциите и вештините преку овие обуки дополнително ќе создаде можности кои ќе им помогнат на грантантите да истражуваат и да решаваат важни социјални прашања на локално ниво на креативни начини преку истражување, пилот

проекти и иницијативи и застапување и лобирање. Знаењата и вештините кои ќе се стекнат за време на обуките имаат за цел да го зголемат знаењето на младите кои потоа ќе го пренесат преку врсничка едукација, а ќе влијаат на развојот на граѓанското општество, младинскиот активизам и нивното идно вработување.

Мејл адреса за прашања и комуникација: youthagentsofchange23@gmail.com

Одговорите ќе бидат дадени најдоцна 7 дена по доставеното прашање. За да се обезбеди еднаков третман на подносителите Договорниот орган не може да дава претходно мислење за подобноста на главните подносители, соподносителите, поврзаниот(те) субјект(и), акцијата или конкретните активности. Прашањата кои би можеле да бидат релевантни заедно со одговорите, ќе бидат објавени на јавно гласило и истото ќе биде искомуницирано соодветно преку социјални медиуми.

## 3.5. Оценка и избор на пријавите

За време на административната проверка ќе се оценува дали е испочитуван рокот. Доколку некој од предлог-проектите е доставен по истекот на рокот, автоматски се одбива.

Проектните концепти што ќе ја поминат оваа проверка ќе бидат оценувани врз основа на релевантноста и описот на предложената акција.

Концептите можат да добијат вкупен збир бодови од 100, со користење на расчленувањето во табела за оценка дадена подолу. Со оценката ќе се проверува и придржувањето кон упатствата за тоа како да се пополни проектниот концепт, што можат да се најдат во Дел А од пријавата за грант.

Критериумите за оценување се поделени на наслови и поднаслови. Секој поднаслов ќе добие од 1 и 5 бода, и тоа: 1 = многу слабо; 2 = слабо; 3 = доволно; 4 = добро; 5 = многу добро.

| **Дел** | **Максимални бодови** |
|---|---|
| **1. Финансиски и оперативни капацитети** | **20** |
| 1.1 Дали поднесителите и со нив поврзаните субјекти (ако ги има) имаат доволно искуство за управување со мали проекти? (релевантен документ за референца, портфолио или CV на вклучени лица во проектот) | 5 |
| 1.2 Дали подносителите и со нив поврзаните субјекти (ако ги има) имаат доволно техничка експертиза во своите рамките? (особено позанвање за прашања на кои ќе работат) - (релевантен документ за референца, портфолио или CV на вклучени лица во проектот) | 5 |
| 1.3 Дали подносителотима стабилни и доволни извори на финансирање? Дали проектот е поддржан од локална самоуправа (општина) во која се таргетира целната група? | 10 |
| **2. Релевантност** | **20** |
| 2.1 Бодување пренесено од оценката на проектната апликација | |
| **3. Опис на проектот** | **15** |
| 3.1 Колку кохерентно е опишана и обмислена акцијата? Али пријавата ги наведува очекуваните резултати што треба да се постигнат со акцијата и дали одговараат на очекуваните резултати од проектот Млади агенти на промената? Дали приложените активности се соодветни, практични и конзистентни со посакуваните исходи и остварувања? | 5 |
| 3.2 Дали пријава вклучува кредибилна почетна сосотјба со извори на верификација на кои се повикува (истражувања, наоди, статистики, стратешки планови)? Ако не, дали се планира студија на почетна состојба и дали е соодветно буџетирана истата? | 5 |
| 3.3 Дали е вклучена анализа на проблеми, како и на капацитети на релевантни чинители? | 5 |
| **4. Спроведување** | **15** |
| 4.1 Дали акцискиот план за спроведување на акцијата е јасен и остварлив? Дали временската рамка е реалистична? | 5 |
| 4.2 Дали пријавата вклучува ефективен и ефикасен систем за следење? | 5 |
| 4.3 Дали е добро дефинирана таргет групата и бенефитите на истата? Дали таргет групата одговара согласно насоките во проектот? | 5 |
| **5. Одржливост на акцијата** | **15** |
| 5.1 Дали е веројатно дека акцијата ќе има видливо влијание врз своите | 5 |

| | |
|---|---|
| целни групи? | |
| 5.2 Дали е веројатно дека акцијата ќе има ефекти на мултипликација, вклучувајќи опфат за дуплирање, проширување, капитализирање од експертиза или од споделувањето на знаењето? | 5 |
| 5.3 Дали очекуваните резултати од предложената акција се одржливи?<br>- Финансиски *(на пример, финансирање на последователни активности, извори на приходи за покривање на сите идни оперативни трошоци и трошоци за одржување)*<br>- Институционално *(дали структурите ќе овозможат резултатите да се одржат по завршувањето на акцијата? Дали ќе има локална сопственост на резултатите од акцијата)*<br>- На ниво на политика на работа (таму каде што е применливо *(кое ќе биде структурното влијание на акцијата, на пример подобрена легислатива, кодески на однесување, методи)*<br>- Еколошки *(дали акцијата ќе има негативно/позитивно влијание на животната средина* | 5 |
| **6. Буџет и исплатливост на акцијата** | **15** |
| 6.1 Дали активностите се соодветно прикажани во буџетот | 5 |
| 6.2 Дали соодносот помеѓу проценетите трошоци и резултати е задоволителен | 10 |

## 3.6. Известување за одлуката на договорниот орган

Сите подносители ќе бидат информирани за резултатите по пат на мејл. Понатамошната комуникација со грантистите ќе биде дополнително соопштена и истите ќе бидат благовремено известени.

## 3.7. Услови за спроведување по одлука за доделување грант.

По одлуката да се додели грантот, корисникот(ците) ќе добие(јат) договор базиран на стандардниот договор за грант. Со потпишување на пријавата за грант, апликантите се согласуваат, доколку го добијат грантот, да ги прифатат договорните услови на стандардниот договор за доделување грант. Сите апликанти се согласуваат, доколку го добијат грантот, да го регистрираат проектот во Секретаријатот за европски прашања и да го ослободат од данок.

# 4.0. Листа на прилози

Документи што треба да се доставаат (обрасци за пријава);

- Прилог 1: Образец за Апликација;
- Прилог 2: Образец за предлог буџет;
- Прилог 3: Образец за искуство на организација
- Прилог 4:Тековна состојба на организацијата не постара од 6 месеци од датумот на поднесување на апликација
- Прилог 5: Изјава за партнерство со општина / писмо за поддршка (доколку е обезбедено);
- Прилог 6 Мандат (за ко-апликанти, ако има)

**Имајте предвид: Прирачникот не е дел од договорот за доделување грант и нема правна тежина. Тој дава општи насоки и може во одредени детали да се разликува од потпишаниот договор за доделување на грантот. За да се обезбеди усогласеност со договорните обврски, корисниците не треба во целост да се потпираат на прирачникот, туку секогаш треба да ги земат предвид нивните конкретни договорни документи.**